РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
Бр. 02-64/2
23.01 2018 год.
с.Миравци Гевгелија

Врз основа на член 130 став 1 алинеа 7 од Законот за основно образование и наука, член 76 став 1 алинеа 5 од Статутот на училиштето, добиените согласности бр.12-10952/3 од 01.12.2017 година и 12-14535/2 од 22.12.2017 година од Министерството за образование и наука и мислењето од Училишниот одбор од состанокот одржан на ден 22.01.2018 година, В.Д. Директорот на ООУ "Климент Охридски"- Миравци донесе:

**О Д Л У К А**
**За прием на наставници на определено време за учебната 2017/2018 година.**

1.За наставник **по запознавање со религии и етика се прима Тодорка Ризова**, наставник **по запознавање со религии и етика** на определено време со 3 наставни часа неделно со неполно работно време. Работниот однос на именуваниот ќе трае од 01.02.2018 година до 31.08.2018 година.

2.За наставник **информатика се прима Кристина Младеновска**, наставник по **информатика** на определено време со 3 наставни часа неделно со неполно работно време. Работниот однос на именуваната ќе трае од 01.02.2018 година до 31.08.2018 година.

3.За наставник **германски јазик се прима Ева Георгиоска**, наставник по **германски јазик** на определено време со 8 наставни часа неделно со неполно работно време. Работниот однос на именуваниот ќе трае од 01.02.2018 година до 31.08.2018 година.

4.За наставник по ликовно образование **се прима Александар Јанев**, наставник по ликовно образование на определено време со 4 наставни часа неделно со неполно работно време. Работниот однос на именуваниот ќе трае од 01.02.2018 година до 31.08.2018 година.

5.За одделенски наставник **се прима Благица Ѓореска**, одделенски наставник на определено време со 20 наставни часа неделно со полно работно време. Работниот однос на именуваната ќе трае од 01.02.2018 година до 31.08.2018 година.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ООУ "Климент Охридски"- Миравци распиша јавен оглас за прием на наставници во весникот „Нова Македонија" и „ Лајм" на ден 10.01.2018 година и огласна табла на Агенција за вработување-Гевгелија. На состанокот на Училишниот одбор одржан на ден 22.01.2018 година беа разгледани пристигнатите молби и членовите на УО беа на мислење дека треба да се примат горенаведените кандидати.

Директорот на ден 23.01.2018 година одлучи да бидат примени горенаведените кандидати.

Упатство за правно средство:

Незадоволната страна од оваа одлука има право на приговор до Училишниот одбор во рок од 8 дена од приемот на известувањето.

В.Д. Директор:

/Костадинова Марија/